**20251062337**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 26/01, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 мај 2025 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТРУКТУРИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РАСТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН 2024-2027 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат структурите за спроведувањето на Планот за раст за Западен Балкан 2024-2027 година (во натамошниот текст: Планот за раст).

Член 2

Планот за раст се спроведува преку структурите за четирите столбови и тоа:

1. Прв столб - Зајакнување на економската интеграција со единствениот пазар на Европската Унија, дефиниран низ седумте приоритетни акции од Планот за раст и тоа:

- Слободно движење на стоки;
- Слободно движење на услуги и работници;
- Единствена европска платежна област – СЕПА;
- Поддршка на патниот транспорт;
- Интеграција и декарбонизација на енергетскиот пазар;
- Единствен дигитален пазар и
- Интеграција во индустриските ланци на снабдување.

2. Втор столб - Поттикнување на економската интеграција во рамките на Западниот Балкан преку заедничкиот регионален пазар, преку спроведување на Акцискиот план за заедничниот регионален пазар 2025-2028;

3. Трет столб - Забрзување на фундаменталните реформи, вклучително и Кластерот Фундаментални вредности и

4. Четврт столб - Зголемување на финансиската помош за поддршка на реформите преку спроведување на Законот за ратификација на Спогодбата за Инструментот помеѓу Европската унија претставувана од Комисијата и Република Северна Македонија претставувана од Владата на Северна Македонија за посебни аранжмани за спроведување на поддршка од Унијата за Република Северна Македонија во согласност со Инструментот за реформи и раст („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 23/25) и Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската унија по Договорот за заем за Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25).

Член 3

Спроведувањето на Планот за раст го вршат структурите за четирите столбови од член 2 од оваа одлука.

Член 4

(1) Структурата за следење на спроведувањето на првиот столб од Планот за раст ја сочинуваат претседавач и осум членови и тоа:

1. Министерот за европски прашања - претседавач;
2. Министерот за економија и труд – член;
3. Министерот за финансии – член;
4. Министерот за транспорт – член;
5. Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини – член;
6. Министерот за дигитална трансформација – член;
7. Министерот за надворешни работи и надворешна трговија – член,
8. Претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија – член и
9. Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија - член.

(2) Делокругот на работа на Структурата од ставот (1) на овој член е:

1. Следење на напредокот на економската интеграција во единствениот пазар на Европската унија, во согласност со активностите произлезени од Планот за раст.
2. Обезбедување координација во спроведувањето на приоритетните акции од член 2 точка 1 од оваа одлука, како и предлагање на мерки за надминување на идентификувани проблеми или застои при спроведување на нивните законски надлежности.

(3) Со структурата од ставот (1) на овој член, управува министерот за европски прашања, во својство на претседавач, а во негово отсуство го заменува заменикот на министерот за европски прашања.

(4) Стручно–административните работи потребни за извршување на работата на Структурата од ставот (1) на овој член, ги врши Министерството за европски прашања.

(5) Министерството за европски прашања еднаш месечно го информира претседателот на Владата на Република Северна Македонија за напредокот од спроведувањето на активностите од првиот столб од Планот за раст.

Член 5

(1) Структурата за следење на спроведувањето на вториот столб од Планот за раст ја сочинуваат, претседавач и 21 член и тоа:

1. Министерот за надворешни работи и надворешна трговија - претседавач;
2. Министерот за европски прашања - член;
3. Министерот за економија и труд- член;
4. Министерот за финансии- член;
5. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство- член;
6. Министерот за социјална политика, демографија и млади- член;
7. Министерот за дигитална трансформација- член;
8. Министерот за транспорт - член;
9. Министерот за култура и туризам - член;
10. Министерот за образование и наука - член;
11. Министерот за здравство - член;
12. Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија - член;
13. Директорот на Царинската управа - член;
14. Директорот на Фитосанитарната управа - член;
15. Директорот на Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот - член;
16. Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование - член;
17. Директорот на Бирото за јавни набавки - член;
18. Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство - член;
19. Директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот - член;
20. Директорот на Агенцијата за пошти - член;
21. Директорот на Државниот завод за индустриска сопственост - член и

22. Директорот на Државниот завод за статистика - член.

(2) Делокругот на работа на Структурата од ставот (1) на овој член е:

1. Следење на напредокот на економската интеграција во рамките на Западниот Балкан преку заедничкиот регионален пазар и следење на спроведувањето на Акцискиот план за заедничкиот регионален пазар 2025-2028 и

2. Обезбедување координација во спроведувањето на Акцискиот план за заедничкиот регионален пазар 2025-2028 и предлагање на мерки во случај на идентификувани проблеми или застои при спроведување на надлежностите.

(3) Со структурата од ставот (1) на овој член, управува министерот за надворешни работи и надворешна трговија во својство на претседавач, а во негово отсуство го заменува заменик министерот за надворешни работи и надворешна трговија.

(4) Стручно–административните работи потребни за извршување на работата на Структурата од ставот (1) на овој член, ги врши Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

(5) Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, за напредокот од спроведувањето на активностите од вториот столб од Планот за раст еднаш месечно го информира Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министерот за европски прашања, а по потреба и Владата на Република Северна Македонија.

Член 6

(1) Структурата за спроведувањето на третиот и четвртиот столб од Планот за раст ја сочинуваат претседавач и 13 членови и тоа:

1. Министерот за европски прашања - претседавач;
2. Министерот за финансии - член ;
3. Министерот за внатрешни работи- член ;
4. Министерот за надворешни работи и надворешна трговија- член ;
5. Министерот за правда - член;
6. Министерот за економија и труд - член;
7. Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини - член;
8. Министерот за животна средина и просторно планирање - член;
9. Министерот за транспорт - член;
10. Министерот за социјална политика, демографија и млади - член;
11. Министерот за образование и наука - член;
12. Министерот за дигитална трансформација - член;
13. Министерот за јавна администрација - член и
14. Претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија- член.

(2) Делокругот на работа на Структурата од ставот (1) на овој член, е следење и контрола на спроведувањето на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан.

(3) Со структурата од ставот (1) на овој член, управува министерот за европски прашања, во својство на претседавач, а во негово отсуство го заменува заменикот на министерот за европски прашања.

(4) Стручно–административните работи потребни за извршување на работата на Структурата од ставот (1) на овој член, ги врши Министерството за европски прашања.

(5) Министерот за европски прашања еднаш месечно го информира претседателот на Владата на Република Северна Македонија за напредокот од спроведувањето на активностите од третиот и четвртиот столб од Планот за раст, а по потреба и Владата на Република Северна Македонија.

Член 7

(1) По потреба, во работата на структурите од членовите 4, 5 и 6 од оваа одлука, на покана на претседавачот, можат да учествуваат и претставници на други државни органи, правните лица на кои им е доверено вршење на јавни овластувања, регулаторните тела, правосудните органи и единиците на локалната самоуправа, експерти од определени области и преставници на невладиниот и приватниот сектор.

(2) Во работата на структурите од членовите 4, 5 и 6 од оваа одлука, на покана на претседавачот, како набљудувачи можат да учествуваат и членови од меѓународни и регионални организации.

(3) Структурите од членовите 4, 5 и 6 од оваа одлука, за напредокот од спроведувањето на активностите од Планот за раст, најмалку еднаш на квартално ниво ја известуваат Владата на Република Северна Македонија.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Структура за спроведување на Планот за раст за Западен Балкан 2024-2027 година и Реформската агенда („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.48/24).

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-3220/16
20 мај 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.